# О П Ш Т И Н А  Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

28 Јуни 2017 година | Гевгелија | Број 9 | Година XL

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 и 06/12 год.) и член 38 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 23.06.2017 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Се дава согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец" од Гевгелија за периодот 01.01.2017-31.03.2017 година, усвоен од Управниот одбор на ова јавно претпријатие со Одлука бр.02-741/2 од 09.05.2017 година.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

бр.09-1262/1
27.06.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на членовите 84 и 132 од Законот за просторното и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ"бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16 г.), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/2006 и 8/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 23.06.2017 година, донесе:

## И З М Е Н А
### на Годишната Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година

**Член 1**

Во Годишната Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.14/16 год.),

**ТОЧКАТА 3. "ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА":**

3.1. Општ акт за село Моин,
3.2. Општ акт за село Ново Конско,
3.3 Општ акт за село Серменин,
3.4. Општ акт за село Кованци,
3.5. Општ акт за село Хума,
3.6. Општ акт за село Конско ,
3.7. Општ акт за село Давидово,
3.8. Општ акт за село Смоквица,
3.9. Општ акт за село Милетково,
3.10. Општ акт за село Петрово,
3.11. Општ акт за село Габрово,

**Се преименува во:**

**ТОЧКА 3. "УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО" :**

3.1. Урбанистички план за село Моин,
3.2. Урбанистички план за село Ново Конско,
3.3 Урбанистички план за село Серменин,
3.4. Урбанистички план за за село Кованци,
3.5. Урбанистички план за село Хума,
3.6. Урбанистички план за село Конско ,
3.7. Урбанистички план за село Давидово,
3.8. Урбанистички план за село Смоквица,
3.9. Урбанистички план за село Милетково,
3.10. Урбанистички план за село Петрово,
3.11. Урбанистички план за село Габрово.

**Член 2**

Оваа Измена на Годишната Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1263/1
27.06.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на општина Гевгелија ( "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.06.2017 година, по расправата по информацијата за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува информацијата за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија, изготвена и предложена од Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во општина Гевгелија.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1264/1
27.06.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на

бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 23.06.2017 год., донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.1635 КО Серменин

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација (УП за с.Серменин), со која ќе се врши вклопување на изградена викенд-куќа, сопстеност на Блажо Јанев од Гевгелија, на КП бр.1635 КО Серменин, во класа на намена А1-домување.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1265/1
27.06.2017 година
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен весник на РМ" број 61/04), а во врска со член 4 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15 год.), Советот на општина Гевгелија, на шеесет и петтата седница, одржана наден 23.06.2017 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на согласност за примање донација

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за примање на донација-градежна активност од лицето Живко Арсовски од Скопје, за асфалтирање на дел од локалниот пат Гевгелија-село Ума во вкупна должина од 800 метри, како и улица во внатрешноста на селото во вкупна должина од 110 метри.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е договорот што треба да се склучи дополнително помеѓу донаторот – Живко Арсовски од Скопје и Градоначалникот на општина Гевгелија.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето, и ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09- 1266/1
27.06.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***ДрагиХаџи-Николов с.р.***

## СОДРЖИНА

1.Решение за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за периодот 1.01.2017-31.03.2017 година ........ 287

2.Измена на Годишната програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија за 2017 година ........ 287

3.Заклучок по Информацијата за состојбата со постапувањето по барањата за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти во општина Гевгелија .... 288

4.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на намена на земјиштето на КП бр.1635 КО Серменин ........ 289

5.Одлука за давање на согласност за примање донација ........ 289

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија